# ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ
# од седницата на
# СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

одржана на 20.5.2024 година (14:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа, ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 8 (осум) членови:

- Јасмина Чалоска,
- Даниела Китанова,
- Ленче Коцевска,
- Тони Војнески,
- Дарко Дочински,
- Сашо Столевски,
- Јордан Минов и
- Благоја Богоевски.

Претседателката констатираше дека се исполнети условите за одржување на Седницата, согласно Деловникот за работа на Советот, по што го стави на гласање **Дневниот ред**, кој едногласно, без забелешки, беше усвоен од страна на членовите:

1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 7.3.2024 година;
2. Реализација на процесот за доделување на Националната награда за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР;
3. Критериуми за одржување на обуки за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа;
4. Разно.

**1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 7 март 2024 година**

Записникот од Седницата на Советот за БЗР која се одржа на 7.3.2024 година, кој веќе претходно им беше доставен на членовите за коментари и забелешки, беше едногласно и без забелешки усвоен од страна на членовите на Советот.

* * *

Пред преминување на следната точка од дневниот ред, Претседателката на Советот потсети дека согласно заклучокот од минатата Седница, во овој изминат период помеѓу двете Седници на Советот, беше финализирана содржината на новиот **Акциски план за безбедност и здравје при работа за периодот 2024-2025**. АП се подготви врз основа на добиените инпути и предлози од страна на различните субјекти кои имплементираат политики, мерки и активности во областа на БЗР. По финализирањето, нацрт-текстот на Акцискиот план, на почетокот на април, им беше доставен на сите членови на Советот за разгледување и доставување на дополнителни коментари, забелешки и предлози. После изјаснувањето на членовите на Советот, **Акцискиот план за БЗР 2024-2025** е финализиран и како таков, прифатен и усвоен од страна на Советот за БЗР.

Исто така, Претседателката на Советот го истакна своето големо задоволство од неодамна организираниот настан за пригодно одбележување на „**28-ми април – Светскиот ден за БЗР**“, кој се одржа во организација на Советот за БЗР, Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на Меѓународната организација на труд, на тема „Влијанието на климатските промени врз безбедноста и здравјето при работа“. Настанот од сите учесници беше оценет како навистина добро организиран и успешен, како од аспект на присуството на претставници од различни засегнати страни, и од аспект на интересни и корисни презентации и дискусии.

2. **Реализација на процесот за доделување на Националната награда за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР**

Во рамките на оваа точка од Дневниот ред, членовите беа информирани за моменталната состојба по однос на спроведувањето на овогодинешната Национална награда за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР. Оваа година пријавени се вкупно 8 (осум) компании, со вообичаено најголем одзив и заинтересираност за учество од страна на големите компании. Врз основа на дискусијата и состојбата во однос на бројот на пријавени компании и нивната географска распределеност, Советот заклучи оваа година да се избере една комисија која ќе ги оценува и евалуира пријавените компании во рамки на доделувањето на Националната награда за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР и таа да биде составена од членови на Советот.

3. **Критериуми за одржување на обуки за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа**

Во овој дел беше иницирана дискусија за неопходноста од преземање на соодветни мерки за подобрување на квалитетот и начинот на организирање на дел од обуките за професионално усовршување на стручните лица за безбедност при работа, имајќи во предвид дека веќе подолго време можат да се забележат ситуации кога се организираат обуки и се испраќаат покани до стручни лица за учество, без да при тоа се запазуваат некои основни стандарди во делот на специфицирање и јасно наведување на содржината/темите кои ќе бидат обработувани за време на обуките, без наведување на предавачи и презентери, нивно искуство и компетенции, без јасно и прецизно наведување на времетраењето на обуката и нејзините делови, а исто така се забележуваат понекогаш и отстапувања од пропишаната постапка за доделување на бодови на слушателите на обуки.

Во овој дел се заклучи Советот да препорача измена на постоечкиот (или носење на нов) Правилник за начинот на бодување за активно и пасивно учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за БР, каде би се утврдиле и конкретни критериуми за реализацијата на обуките.

Исто така, се донесе заклучок да се достави допис до сите овластени институции за реализација на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, за задолжително почитување на постоечките законски одредби, утврдени во Законот за БЗР и Правилникот. Дополнително, бидејќи во моментот нема дефинирани критериуми, во дописот како препорака ќе се наведе дека секој повик/покана за стручна обука би требало да содржи наслов и цел на обуката; обучувачи со доказ за нивната компетентност (во прилог CV); содржина на обуката; начин на спроведување на обуката; времетраење на обуката; компетенции со кои ќе се стекнат слушателите (т.е. со кои нови знаења и вештини ќе се стекнат со учество во обуката).

4. **Разно**

Во рамки на оваа точка од Дневниот ред, претставникот од МТСП – Дарко Дочински, ги информираше членовите на Советот за тоа дека со поддршка од Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) и за оваа тековна Европска кампања за здрави работни места, која се спроведува под насловот „Безбедна и здрава работа во дигиталната ера" се преведени на македонски јазик и отпечатени одредена количина на промотивни материјали (постери, флаери и сл.). Материјалите се сега во Министерството за труд и социјална политика и како и за минатата кампања, тие ќе бидат поделени на различни субјекти за користење во промотивни цели.

Подготвил:

Секретар на Советот за БЗР
*Дарко Дочински*



Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*